**ЗАПИСНИК**
**од 67 (Шеесет и седмата) редовна седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 03 јуни 2025 година (вторник)**

Шеесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош се одржа на 01 јули 2025 година (вторник), со почеток во 10.00 часот, во просториите на Универзитет Скопје (Универзитет за туризам и менаџмент Скопје).

Врз основа на евиденцијата, на почетокот Претседателот на Советот утврди дека на седницата присуствуваат 23 членови на Советот, според што Советот може да работи и полноправно да одлучува.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот: Добрила Андоновска, Зоран Краљевски, Убавица Игнатоска, Предраг Станковски, Адријана Јакимовска Панчевска, Александар Илиески, Христо Саракинов, Благица Цветановска, Давор Грче, Виолета Куновска, Владимир Бислимовски, Марин Докузовски, Дејан Лазаревски, Гордана Ивановски Велковска, Јахји Мемедов, Александра Антевска, Наталија Спировска, Мартин Димоски, Бранко Ристов, Ивана Петковска, Славко Митевски, Невена Георгиевска и Татјана Стојановска.

На 67. седница на Советот присуствуваа раководители на сектори од Општината, со цел да ги образложат предложените акти, доколку за тоа се јави потреба.

Претседателот на Советот, согласно член 39 од Законот за локална самоуправа, член 16 од Статутот на Општина Карпош и член 59 од Деловникот на Советот на Општина Карпош ја отвори 67. седница на Советот на Општина Карпош по што се интонираше химната на Република Северна Македонија.

Претседателот посочи дека се повлекуваат 2 точки од предложениот дневен ред, а то се следните :

1. **Предлог-Заклучок за усвојување на Годишната програма за работата на Општинското основно училиште „Лазо Трповски“, Општина Карпош-Скопје за 2025/2026 година;**
2. **Предлог-Решение за давање согласност на Годишен план за изменување на Годишниот план за вработување за 2025 година на општинското основно училиште „Христијан Тодоровски Карпош“, Општина Карпош – Скопје;**

Претседателот отвори расправа по предложениот дневен ред при тоа најави дека од страна на службите се доставени точки кои се предлагаат за додавање на дневниот ред.

Претседателот на Совет ги посочи и прочита точките кои се предложени за додавање:

1. **Предлог-Одлука за прифаќање донација од Друштво за градежништво, транспорт, трговија и услуги ХЕЛГА ДООЕЛ Скопје**
2. **Предлог-Одлука за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за градска четврт 306, блок 03, општина Карпош – Скопје**
3. **Одлука за утврдување на финансиски надоместок за преземање на веќе поставена водоводна мрежа по дел од улица „3" и крак на КП 495 (улица 1770), с.Бардовци, Скопје**
4. **Одлука за одобрување финансиски средства за санација на фасада на станбена зграда оштетена од пожар на ул. „Разловечко Востание" бр.26/4 ламела Г, Општина Карпош – Скопје**
5. **Предлог-Одлука за резервирање финансиски средства за експропријација на недвижен имот: КП 1821/30 со површина 447 м2, КП 1821/31 со површина 129 м2, КП 1838/4 со површина 253 м2 и КП 1839/8 со површина 59 м2**
6. **Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2026 година во Општина Карпош-Скопје**
7. **Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2025 година**
8. **Одлука за ограничување на правото за изработка и одобрување на урбанистичко-плански и урбанистичко-проектни документации со намена за погони и бази за производство на асфалт и бетон на територија на Општина Карпош**

Претседателот ги повика присутните кои ги имаат точките да дадат појаснување и образложување на итноста за истите и потребата за нивно донесување.

Од службите и Градоначалникот ги појаснија точките и ја посочија итноста за нивно разгледување и одлучување, како и последната предложена точка се појасни а која е предложена од советничката Невена Георгиевска.

Претседателот повика пауза за координација во врска со поднесената предло Одлука на советничката Невена Георгиевска во однос на формално и правно толкување на самиот наслов но законитоста на самата одлука.

По кратка кординација помеѓу советничките групи и правните служби се дефинираше насловот но целата Одлука.

Претседателот отвори расправа по дневниод ред.

Бидејќи никој не се јави за збор претседателот затвори расправа по дневниод ред.

Претседателот на Совет ги стави поединечно предлог точките на гласање за додавање на дневен ред.

Како 16. точка на предложениот дневен ред се предлага:

**Предлог-Одлука за прифаќање донација од Друштво за градежништво, транспорт, трговија и услуги ХЕЛГА ДООЕЛ Скопје**

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот ја затвори расправата, точката 16 ја стави на гласање.

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 14 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема**, е додадена како точка 16 на дневниот ред.

Како 17. точка на предложениот дневен ред се предлага:

**Предлог-Одлука за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за градска четврт 306, блок 03, општина Карпош – Скопје**

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот ја затвори расправата, точката 17 ја стави на гласање.

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 13 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема**, е додадена како точка 17 на дневниот ред.

Како 18. точка на предложениот дневен ред се предлага:

**Одлука за утврдување на финансиски надоместок за преземање на веќе поставена водоводна мрежа по дел од улица „3“ и крак на КП 495 (улица 1770), с.Бардовци, Скопје**

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот ја затвори расправата, точката 18 ја стави на гласање.

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 14 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема**, е додадена како точка 18 на дневниот ред.

Како 19. точка на предложениот дневен ред се предлага:

**Одлука за одобрување финансиски средства за санација на фасада на станбена зграда оштетена од пожар на ул. „Разловечко Востание“ бр.26/4 ламела Г, Општина Карпош – Скопје**

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот ја затвори расправата, точката 19 ја стави на гласање.

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 21 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема**, е додадена како точка 19 на дневниот ред.

Како 20. точка на предложениот дневен ред се предлага:

**Предлог-Одлука за резервирање финансиски средства за експропријација на недвижен имот: КП 1821/30 со површина 447 м2, КП 1821/31 со површина 129 м2, КП 1838/4 со површина 253 м2 и КП 1839/8 со површина 59 м2**

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот ја затвори расправата, точката 20 ја стави на гласање.

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 11 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ**, не е додадена како точка 20 на дневниот ред.

Како 20. точка на предложениот дневен ред се предлага:

**Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2026 година во Општина Карпош-Скопје**

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот ја затвори расправата, точката 20 ја стави на гласање.

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 13 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема**, е додадена како точка 20 на дневниот ред.

Како 21. точка на предложениот дневен ред се предлага:

**Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2025 година**

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот ја затвори расправата, точката 21 ја стави на гласање.

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 21 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема**, е додадена како точка 21 на дневниот ред.

Како 22. точка на предложениот дневен ред се предлага:

**Одлука за ограничување на правото за изработка и одобрување на урбанистичко-плански и урбанистичко-проектни документации со намена за погони и бази за производство на асфалт и бетон на територија на Општина Карпош**

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот ја затвори расправата, точката 22 ја стави на гласање.

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 19 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема**, е додадена како точка 22 на дневниот ред.

Претседателот го стави на гласање изменетиот дневен ред на гласање.

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 20 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема**, **е** усвоен изменетиот дневен ред за 67. Седница на Општина Карпош.

**ДНЕВЕН РЕД**

- **Усвојување записник од 65. седница на Советот на Општина Карпош**

1. **Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2025 година;**
2. **Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2025 година;**
3. **Одлука за донесување на Техничка исправка за ГП 5.1.12 од ДУП (Измена и дополна) за населба Влае 1, дел Б (Одлука бр. 07-1080/1 од 19.07.2002 година);**
4. **Одлука за одобрување финансиски средства како помош за поставување нов лифт на станбена зграда за колективно домување на булевар Партизански одреди бр.99 влез 2 во Општина Карпош - Скопје;**
5. **Одлука за утврдување на приоритетни проекти во Општина Карпош за користење на средства од проектот за Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, обезбедени од Европска Инвестициона банка;**
6. **Одлука за давање согласност за користење на вештачка карпа за спортско качување на Македонска спортско качувачка федерација за 2025 година;**
7. **Одлука за наградување на вработени од општинската администрација на Општина Карпош, членови на синдикатот за постигнат успех, севкупен победник, кои учествуваа на 30-те јубилејни синдикални спортски игри во Охрид од 05–08.06.2025 година во Охрид во организација на УПОЗ;**
8. **Решение за давање согласност на Годишен план за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување за 2026 година на јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“, Општина Карпош-Скопје;**
9. **Службена белешка за не усвојување Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош-Скопје;**
10. **Решение за изменување и дополнување на Решението за именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Јан Амос Коменски“ - Општина Карпош-Скопје;**
11. **Одлука за начинот и условите за давање на користење училишен простор и спроведување на други активности во врска со основните општински училишта на територија на Општина Карпош за учебната 2025/2026 година;**
12. **Заклучок за усвојување на Иницијатива за имплементација на обука за самозаштита во годишните програми за работа на основните училишта на територија на Општина Карпош;**
13. **Одлука за давање согласност за учество на Општина Карпош во проектот „Општините како двигатели за одржливиот развој“ на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), за**

**проектот „Зголемување на безбедноста на граѓаните од катастрофи преку зајакнување на капацитетите на Просторните единици за заштита и спасување“;**

14. **Одлука за прифаќање на донација од ДПУ Тримакс ДОО Скопје на интерактивен панел 86 инчи од брендот Gaoke;**
15. **Одлука за прифаќање на донација училишен прибор за првачињата за учебната 2025/2026 година од ТРИМАКС ДОО –Скопје;**
16. **Предлог-Одлука за прифаќање донација од Друштво за градежништво, транспорт, трговија и услуги ХЕЛГА ДООЕЛ Скопје**
17. **Предлог-Одлука за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за градска четврт 306, блок 03, општина Карпош – Скопје**
18. **Одлука за утврдување на финансиски надоместок за преземање на веќе поставена водоводна мрежа по дел од улица „3“ и крак на КП 495 (улица 1770), с.Бардовци, Скопје**
19. **Одлука за одобрување финансиски средства за санација на фасада на станбена зграда оштетена од пожар на ул. „Разловечко Востание“ бр.26/4 ламела Г, Општина Карпош – Скопје**
20. **Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2026 година во Општина Карпош-Скопје**
21. **Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2025 година**
22. **Одлука за ограничување на правото за изработка и одобрување на урбанистичко-плански и урбанистичко-проектни документации со намена за погони и бази за производство на асфалт и бетон на територија на Општина Карпош**

Пред да се помине на разгледување на точките Претседателот на Советот предложи да се разгледа и гласа записникот кој е предложен во дневниот ред.

Претседателот отвори расправа по записникот од 66. седница .

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот ја затвори расправата и на гласање го стави записникот од 66. седница на Советот на Општина Карпош.

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 15 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е** усвоен записникот од 66. седница на Советот на Општина Карпош.

Претседателот на Советот го повика членот на Советот Славко Митевски во својство на претседател на Комисијата за прописи да го извести Советот за ставот на комисијата по точките кои ги разгледувала.

Зема збор членот на Советот Славко Митевски во својство на претседател на Комисијата за прописи која посочи дека била одржана на 30.06.2025 година, извести интегрално за сите точки кои се разгледувале и му предложува на Советот да расправа и одлучува по истите

Претседателот на Советот го повика членот на Советот Благица Цветановска во својство на претседател на Комисијата за јавни дејности да го извести Советот за ставот на комисијата по точките кои ги разгледувала.

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Зема збор членот на Советот Благица Цветановска во својство на претседател на Комисијата за јавни дејности која посочи дека била одржана на 30.06.2025 година, извести интегрално за сите точки кои се разгледувале и му предложува на Советот да расправа и одлучува по истите.

Претседателот на Советот го повика членот на Советот Адријана Јакимовски Панчевска во својство на претседател на Комисијата за финансии да го извести Советот за ставот на комисијата по точките кои ги разгледувала.

Зема збор членот на Советот Адријана Јакимовски Панчевска во својство на претседател на Комисијата за финансии која посочи дека била одржана на 30.06.2025 година, извести интегрално за сите точки кои се разгледувале и му предложува на Советот да расправа и одлучува по истите.

Претседателот на Советот помина на расправа по точките од усвоениот дневен ред.

**1.Предлог - Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2025 година.**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Претседателот на Советот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 20 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека**, е усвоена Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2025 година.

**2. Предлог - Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2025 година**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 14 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека, е усвоена Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2025 година.**

**3. Одлука за донесување на Техничка исправка за ГП 5.1.12 од ДУП (Измена и дополна) за населба Влае 1, дел Б (Одлука бр. 07-1080/1 од 19.07.2002 година);**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Збор зема членот на Советот Татјана Стојановска укажа на забелешка по еден правен субјект кој се појавува во документацијата а истиот не постои во денешно време, а сепак се земаат во предвид документацијата што истиот ја изработил.
Збор зема членот на Советот Невена Георгиевска и побара појаснување на точката.
Од службите детално образложија по однос на материјалите за точката.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 15 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена Одлуката за донесување на Техничка исправка за ГП 5.1.12 од ДУП (Измена и дополна) за населба Влае 1, дел Б (Одлука бр. 07-1080/1 од 19.07.2002 година).**

**4. Предлог - Одлука за одобрување финансиски средства како помош за поставување нов лифт на станбена зграда за колективно домување на булевар Партизански одреди бр.99 влез 2 во Општина Карпош - Скопје;**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 23 гласови ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАН, констатирано е дека е усвоена Одлуката за одобрување финансиски средства како помош за поставување нов лифт на станбена зграда за колективно домување на булевар Партизански одреди бр.99 влез 2 во Општина Карпош – Скопје.**

**5. Предлог - Одлука за утврдување на приоритетни проекти во Општина Карпош за користење на средства од проектот за Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, обезбедени од Европска Инвестициона банка**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 23 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоена Одлуката за утврдување на приоритетни проекти во Општина Карпош за користење на средства од проектот за Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, обезбедени од Европска Инвестициона банка.**

Претседателот на Советот го повика членот на Советот Дејан Лазаревски во својство на претседател на Комисијата за спорт да го извести Советот за ставот на комисијата по точките кои ги разгледувала.

Зема збор членот на Советот Дејан Лазаревски во својство на претседател на Комисијата за спорт која посочи дека била одржана на 30.06.2025 година, извести интегрално за сите точки кои се разгледувале и му предложува на Советот да расправа и одлучува по истите.

**6. Предлог - Одлука за давање согласност за користење на вештачка карпа за спортско качување на Македонска спортско качувачка федерација за 2025 година;**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање

**По спроведеното гласање со 23 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоена Одлуката за давање согласност за користење на вештачка карпа за спортско качување на Македонска спортско качувачка федерација за 2025 година.**

**7. Одлука за наградување на вработени од општинската администрација на Општина Карпош, членови на синдикатот за постигнат успех, севкупен победник, кои учествуваа на 30-те јубилејни синдикални спортски игри во Охрид од 05–08.06.2025 година во Охрид во организација на УПОЗ;**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

За збор се јави Татјана Стојановска и посочи дека бесрамно е да се носи ваква одлука.

За збор се јави Градоначалникот Јакимовски и посочи дека успехот е евидентен и дека општината се гордее со тоа, но посочи дека не е против ништо за одлуката но даде одредени аргументи со кои се укажува дека предвидената сума е доста висока и повика на дискусија.
Се разви дискусија помеѓу советниците Добрила Андоновска,Мартин Димовски,Благица Цветановска,Христо Саракинов,Бранко Ристов,Адријана Јакимовски Панчевска и Предраг Станковски од која произлегоа и други предлози во однос на сумата која се предвидува да се додели и за истото се дадоа соодветни аргументи.

Претседателот по долга дискусија помеѓу присутните повика пауза.

По завршување на паузата зема збор предлагачот на одлуката Мартин Димовски со нов предлог на сума од 10000 денари кој е прифатлив за сите советнички групи.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 15 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 3 гласа ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоена Одлуката за наградување на вработени од општинската администрација на Општина Карпош, членови на синдикатот за постигнат успех, севкупен победник, кои учествуваа**

**на 30-те јубилејни синдикални спортски игри во Охрид од 05–08.06.2025 година во Охрид во организација на УПОЗ.**

**8.Предлог - Решение за давање согласност на Годишен план за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување за 2026 година на јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет", Општина Карпош-Скопје;**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање .

**По спроведеното гласање со 18 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоено Решение за давање согласност на Годишен план за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување за 2026 година на јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет", Општина Карпош-Скопје.**

**9.Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет", Општина Карпош-Скопје;**

Претседателот на Советот го повика членот на Советот Александра Антевска во својство на претседател на Комисијата за верификацоја да го извести Советот за ставот на комисијата по точките кои ги разгледувала.

Зема збор членот на Советот Александра Антевска во својство на претседател на Комисијата за верификација која посочи дека била одржана на 01.07.2025 година, извести интегрално за сите точки кои се разгледувале и му предложува на Советот да расправа и одлучува по истите.

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 11 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека не е усвоено Предлог-Решението за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет", Општина Карпош-Скопје.**

**10.Предлог - Решение за изменување и дополнување на Решението за именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Јан Амос Коменски" - Општина Карпош-Скопје;**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Советничката Татјана Стојановска побара да се прочита кој е кандидатот кој ке биде во училишниот одбор.

Претседателот на Советот посочи дека од страна комисијата е избран кандидатот Петар Ѓоргиевски.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 16 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоено Решението за изменување и дополнување на Решението за именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Јан Амос Коменски“ - Општина Карпош-Скопје.**

**11. Предлог - Одлука за начинот и условите за давање на користење училишен простор и спроведување на други активности во врска со основните општински училишта на територија на Општина Карпош за учебната 2025/2026 година;**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

По земен збор советничката Татјана Стојановска укажа на пропусти во смата одлука кои самата ги увидела а се однесуваат изнајмување на простор за продажба на храна во самите училишта.

Раководителот на сектор Емилија Арсовска детално со аргументи ги објасни деловите на одлуката на кои даде забелешка советничката Татјана Стојановска, при тоа појасни дека се изнамуваат делови во училиштата само тамо каде што училиштето и самата Општина прецениле дека моче да се издаде при тоа за тоа да има направено процена од овластена проценителска куќа.

Предраг Станковски постави прашање дали во просториите каде што се служи храна има пратено барање до агенција за храна и ветеринарство за проверка и безбедност на истите.
Од службите одговорија дека задожително мора да се спроведе тоа бидејќи се работи за храна а поготово кога се однесува на деца.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 12 гласови ЗА, 2 гласа ПРОТИВ и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоена Одлуката за начинот и условите за давање на користење училишен простор и спроведување на други активности во врска со основните општински училишта на територија на Општина Карпош за учебната 2025/2026 година.**

**12. Предлог - Заклучок за усвојување на Иницијатива за имплементација на обука за самозаштита во годишните програми за работа на основните училишта на територија на Општина Карпош;**

Претседателот ги повика службите да образложат дали оваа одлука законски може да се имплеметира.

Службите детално образложија околу формално правно согласно закон имплементирање на оваа одлука.Службата нагласи дека училиштата задолжително ги спроведуваат активностите кои се однесуваат во делот на самозаштита.

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 16 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоен Заклучокот за усвојување на Иницијатива за имплементација на обука за самозаштита во годишните програми за работа на основните училишта на територија на Општина Карпош.**

**13. Предлог - Одлука за давање согласност за учество на Општина Карпош во проектот „Општините како двигатели за одржливиот развој“ на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), за проектот „Зголемување на безбедноста на граѓаните од катастрофи преку зајакнување на капацитетите на Просторните единици за заштита и спасување“**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 22 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоена Одлуката за давање согласност за учество на Општина Карпош во проектот „Општините како двигатели за одржливиот развој“ на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), за проектот „Зголемување на безбедноста на граѓаните од катастрофи преку зајакнување на капацитетите на Просторните единици за заштита и спасување“.**

**14. Предлог - Одлука за прифаќање на донација од ДПУ Тримакс ДОО Скопје на интерактивен панел 86 инчи од брендот Gaoke;**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 23 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоена Одлуката за прифаќање на донација од ДПУ Тримакс ДОО Скопје на интерактивен панел 86 инчи од брендот Gaoke.**

**15. Предлог - Одлука за прифаќање на донација училишен прибор за првачињата за учебната 2025/2026 година од ТРИМАКС ДОО –Скопје;**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи ник не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 23 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоена Одлуката за прифаќање на донација училишен прибор за првачињата за учебната 2025/2026 година од ТРИМАКС ДОО –Скопје.**

**16. Предлог-Одлука за прифаќање донација од Друштво за градежништво, транспорт, трговија и услуги ХЕЛГА ДООЕЛ Скопје**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 16 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоена Одлуката за прифаќање донација од Друштво за градежништво, транспорт, трговија и услуги ХЕЛГА ДООЕЛ Скопје.**

**17. Предлог - Предлог-Одлука за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за градска четврт 306, блок 03, општина Карпош – Скопје**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

За збор се јави Невена Георгиевска посочи свои идеи и видувања по деталниот урбанистички план кои е предмет на расправа како и предлози за изложување со цел запознавање на граѓаните со истиот.

За збор се јави Татјана Стојановска нагласи дека ќе биде воздржана бидејќи многу доцна се доставени материјали за така битна точка со која доколку биле на време ќе се информирале граѓаните детално за самиот Нацрт.

Зема збор Градоначалникот Јакимовски даде свое видување и аргуметни према овој Нацрт но и за сите Детални урбанистички планови кои би требало да се донесат со што би овозможиле нормално функционирање на граѓаните,решавање на нивните проблеми и нивните потреби но истите би донеле и одреден бенефит на самата Општина.Градоначалникот нагласи дека се запазени сите законски постапки и транспарентност во однос на изготвување и носење на самите детални урбанистички планови.

Претседателот на оваа точка даде повеќе паузи при излагањата на одредени членови на Советот и излагањата на Градоначалникот со објаснување дека истите не изнесуваат говори кои се на тема на точката која се разгледува.

Во однос на укажувањето од советничката Татјана дека времето за информирање било кратко, Градоначалникот посочи дека не зависи од општината за ставање на разгледување на ваков нацрт,

односно кога ќе се добијат сите потребни документиод сите релеватни иснституции за Нацртот општината е должна истиот да го стави на првата седница која е закажана.
Градоначалникот Јакимовски посочи дека ова е само Нацрт кој треба да оди на јавна анкета и дека не се работи за носење на конечен детален урбанистички план.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 15 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано е дека е усвоена Одлуката за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за градска четврт 306, блок 03, општина Карпош – Скопје.**

**18. Предлог - Одлука за утврдување на финансиски надоместок за преземање на веќе поставена водоводна мрежа по дел од улица „3" и крак на КП 495 (улица 1770), с.Бардовци, Скопје**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

За збор се јави Предраг Станковски укажа на проблемите со водовод со кои се соочуваат граѓаните на населено место Бардовци, притоа постави одредени прашања до службите кои се однесуваат на носењето или не носењето на одлуката која е предмет на разгледување.

Службите детално ја образложија одлуката и со аргумети ги одговорија прашањата поставени од советникот зашто треба да се донесе самата одлука и кои се последиците доколку не се донесе истата.Од службите дадо објаснување дека се работи за превземање водоводна мрежа која е иградена со самопридонес но истата ги исполнува сите стандарди и дека доколку се искористи истата и се приклучат на нејзе останатите граѓани од тоа место ќе се подобри водоснабдувањето.
Збор зема Градоначалникот го објасни целиот проблем со доводот на тоа место но и даде неколку идеи како тој да се реши.

Се разви дискусија помеѓу присутните со цел да се донесе правилно решение.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 16 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоена Одлуката за утврдување на финансиски надоместок за преземање на веќе поставена водоводна мрежа по дел од улица „3" и крак на КП 495 (улица 1770), с.Бардовци, Скопје.**

**19. Предлог- Одлука за одобрување финансиски средства за санација на фасада на станбена зграда оштетена од пожар на ул. „Разловечко Востание" бр.26/4 ламела Г, Општина Карпош – Скопје**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Се побара од страна на советничката Татјана Стојановска појаснување на одлуката.

Градоначалникот по земен збор даде појаснување за одлуката и напомена дека со оваа одлука се одобруваат финансиски средства во висина од 30 000 денари.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 22 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоена Одлуката за одобрување финансиски средства за санација на фасада на станбена зграда оштетена од пожар на ул. „Разловечко Востание“ бр.26/4 ламела Г, Општина Карпош – Скопје.**

**20. Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2026 година во Општина Карпош-Скопје**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 13 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоено Решението за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2026 година во Општина Карпош-Скопје**

**21. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2025 година**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Градоначалникот зема збор и замоли во измената да се додадат уште 100.000 денари на предвидените 350.000 денари кои се предвидени за измена на програмата за да може да се заврши работата.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање со измената односно предлогот.

**По спроведеното гласање со 22 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоена Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2025 година.**

**22.Предлог - Одлука за ограничување на правото за изработка и одобрување на урбанистичко-плански и урбанистичко-проектни документации со намена за погони и бази за производство на асфалт и бетон на територија на Општина Карпош.**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

На пауза по кратка кордиција беше договорена формално правно одлуката со цел да биде донесена согласно закон.

Претседателот ги замоли службите да ги прочитаат измените кои се направени во самата одлука.

Од службите се прочитаа измените кои се однесуваат во член 1 и член 2 во одлуката која е предмет на одлучување.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање согласно измените кои се прочитани.

**По спроведеното гласање со 22 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоена Одлуката за ограничување на правото за изработка и одобрување на урбанистичко-плански и урбанистичко-проектни документации со намена за погони и бази за производство на асфалт и бетон на територија на Општина Карпош.**

По исцрпување на дневниот ред седницата заврши во 14.36.

Изработил: Томче Панчевски

**Број: 09-8571/3**
**Датум: 26.08.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА**
**Бранко Ристов**